ОСНОВЕН СУД РАДОВИШ
СУ.бр.297 /21-12
26.09.2022 год.
Радовиш

Претседателот на Основен суд Радовиш Лила Цветаноска, врз основа на чл.43 ст.1 од Законот за судска служба (Сл.весник бр.43/14) по спроведената постапка по Интерен оглас бр.1/22, за унапредување на судски службеник, за работно место Судски советник- 1(еден) извршител, по доставениот Предлог за избор на кандидат за унапредување СУ.бр.279/21-10 од 23.09.2022 година, на ден 26.09.2022 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

За работното место Судски советник, категорија В, ниво В1, 1(еден) - извршител, **се избира кандидатот:**

**Зојка Миленкова**

По конечноста на одлуката, за избраниот кандидат ќе се донесе решение за унапредување и плата.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на Основен суд Радовиш на веб страната на судот на ден 05.09.2022 год. објавен е Интерен оглас бр.1/2022, за унапредување на судски службеник, за работно место Судски советник - 1 (еден) извршител.

Од страна на Комисијата за селекција за унапредување согласно чл.6 ст.4 од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас до Претседателот на судот доставена е Ранг листа и Предлогот за избор на кандидат за унапредување СУ.бр.279/21-10 од 23.09.2022 год.

Со Предлог за избор на кандидат за унапредување, Комисијата за селекција за унапредување го предложи кандидатот Зојка Миленкова како прворангиран кандидат на ранг листата.

Претседателот на судот имајќи го во предвид Предлогот на Комисијата за селекција за унапредување за работното место Судски советник, категорија В, ниво В1, 1 (еден) извршител, го избра кандидатот Зојка Миленкова.

Поради наведеното, согласно чл.43 ст.1 од Законот за судска служба, следуваше да се одлучи како во изреката на одлуката.

Претседател на судот,
Лила Цветаноска

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука дозволена е жалба до Советот на судска служба во рок од 8 дена од приемот на одлуката преку Основен суд Радовиш.

Д-но: Зојка Миленкова и Елена Захариева Атанасова

ОСНОВЕН СУД РАДОВИШ
СУ.бр.297 /21-13
26.09.2022 год.
Радовиш

Претседателот на Основен суд Радовиш Лила Цветаноска, врз основа на чл.43 ст.1 од Законот за судска служба (Сл.весник бр.43/14) по спроведената постапка по Интерен оглас бр.1/22, за унапредување на судски службеник, за работно место Виш судски соработник- 1(еден) извршител, по доставениот Предлог за избор на кандидат за унапредување СУ.бр.279/21-11 од 23.09.2022 година, на ден 26.09.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

За работното место Виш судски соработник, категорија В, ниво В2, 1(еден) -извршител, **се избира кандидатот:**
**Јованчо Младеновски**
По конечноста на одлуката, за избраниот кандидат ќе се донесе решение за унапредување и плата.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на Основен суд Радовиш на веб страната на судот на ден 05.09.2022 год. објавен е Интерен оглас бр.1/2022, за унапредување на судски службеник, за работно место Виш судски соработник - 1 (еден) извршител.

Од страна на Комисијата за селекција за унапредување согласно чл.6 ст.4 од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас до Претседателот на судот доставена е Ранг листа и Предлог за избор на кандидат за унапредување СУ.бр.279/21-11 од 23.09.2022 год.

Со Предлог за избор на кандидат за унапредување, Комисијата за селекција за унапредување го предложи кандидатот Јованчо Младеновски како прворангиран кандидат на ранг листата.
Претседателот на судот имајќи го во предвид Предлогот на Комисијата за селекција за унапредување за работното место Виш судски соработник категорија В, ниво В2, 1 (еден) извршител, го избра кандидатот Јованчо Младеновски.

Поради наведеното, согласно чл.43 ст.1 од Законот за судска служба, следуваше да се одлучи како во изреката на одлуката.

Претседател на судот,
Лила Цветаноска

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука дозволена е жалба до Советот на судска служба во рок од 8 дена од приемот на одлуката преку Основен суд Радовиш.

Д-но: Јованчо Младеновски и Елена Захариева Атанасова